**АЛЕКСОВА Душица**[1]

УДК: 364.63-027.553:343.91-053.2/.6(497.7)
364.63-027.553:159.942-053.2/.6(497.7)

# СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО КАКО РИЗИК ФАКТОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД СТРАНА НА ДЕЦА

**Апстракт**

Овој истражувачки труд ја испитува врската меѓу семејното насилство и ризикот од извршување кривични дела од страна на деца. Основната теза е дека експозицијата на деца на различни форми на семејно насилство (физичко, психолошко, сексуално и занемарување) ја зголемува веројатноста за деликвентно однесување преку механизми како нормализација на насилството, трауми, нарушена емотивна и социјална регулација и нарушен образовен и социјален развој. Методолошки, трудот се базира на систематски преглед на литературата, анализа на национални статистички податоци и релевантни меѓународни извештаи и правни документи.

***Клучни зборови:*** *агресија, психолошка траума, насилно однесување, социо-емоционален развој, превенција, ментално здравје, криминално однесување.*

**ALEKSOVA Dusica**[2]

UDK: 364.63-027.553:343.91-053.2/.6(497.7)
364.63-027.553:159.942-053.2/.6(497.7)

# DOMESTIC VIOLENCE AS A RISK FACTOR FOR PERMITTING CRIMINAL OFFENSES BY CHILDREN

**Abstract**

This research paper examines the relationship between domestic violence and the risk of children committing criminal offences. The central thesis posits that children's exposure to various forms of domestic violence (physical, psychological, sexual, and neglect) increases the likelihood of delinquent behavior through mechanisms such as normalization of violence, trauma, impaired emotional and social regulation, and disrupted educational and social development. Methodologically, the paper is based on a systematic literature review, analysis of national statistical data, and relevant international reports and legal documents.

***Keywords:*** *aggression, psychological trauma, violent behavior, socio-emotional development, prevention, mental health, criminal behavior.*

## Вовед

Семејното насилство претставува комплексен и мултидимензионален феномен кој има длабоки психолошки, социјални и правни импликации. Според Светската здравствена организација (Organization, World Health;, 2022;), околу 1 милијарда деца во светот годишно се изложени на некој облик на насилство, вклучително и насилство во семејството. Овие деца имаат зголемен ризик да развијат проблеми во

[1] Студент на втор циклус на студии, Правен факултет, Универзитет ,,Гоце Делчев’’ Штип
dusica.207688@student.ugd.edu.mk
[2] Second cycle student, Faculty of Law, University "Goce Delčev", Štip
dusica.207688@student.ugd.edu.mk

однесувањето, менталното здравје и социјалната интеграција. Истражувањата покажуваат дека изложеноста на семејно насилство може да биде директен ризик фактор за деликвентно однесување кај малолетници, бидејќи го нарушува нормалниот психосоцијален развој и создава модели на насилна интеракција кои се интернализираат како нормални (Widom; C. S;Wilson; H. W;, 2015;).

Во македонскиот контекст, семејното насилство сè уште претставува еден од најсериозните социјални проблеми. Според Државниот завод за статистика (Државниот завод за статистика;, 2024;), бројот на пријавени случаи на семејно насилство расте, а паралелно со тоа се бележи и одреден процент на малолетни лица кои се јавуваат како сторители на кривични дела. Истражувањата укажуваат дека висок процент од децата кои извршиле кривични дела потекнуваат од семејства со дисфункционални односи, насилство или занемарување (Policy, Ministry of Labour and Social, 2023;).

Од психолошка перспектива, траумата предизвикана од семејното насилство може да резултира со нарушена саморегулација, ниска емпатија и агресивно однесување (Bandura; Bowlby;, 1977;1989;). Овие карактеристики, кога не се третираат навремено, може да се манифестираат преку антисоцијално однесување, бунтовност, па дури и криминални активности. Социолошките теории, пак, укажуваат дека децата кои растат во средина каде насилството е „нормализирано“ често ги воспримаат агресивните стратегии како легитимни начини за решавање конфликти (Akers, Social learning and social structure: A general theory of crime and deviance;, 1998;).

Целта на овој истражувачки труд е да се анализира и потврди дека семејното насилство претставува клучен ризик фактор за деликвентното однесување кај деца. Преку комбинација на теоретски преглед, статистичка анализа, правна рамка и компаративен пристап, трудот има за цел да го осветли овој однос и да понуди практични препораки за превенција и интервенција.

Специфични цели на трудот се:

Да се прикажат главните теоретски модели кои ја објаснуваат врската помеѓу семејното насилство и детската деликвенција, да се анализираат националните и меѓународните статистички податоци за оваа појава, да се разгледа македонската законска регулатива и нејзината усогласеност со меѓународните стандарди, да се понуди критичка и компаративна анализа на практиките за заштита и ресоцијализација на деца изложени на насилство;

Истражувањето има практично значење за политиките на заштита на децата, правосудниот систем и социјалните служби, бидејќи нуди доказно засновани насоки за рано препознавање, интервенција и превенција на криминално однесување кај малолетници (WHO; UNICEF; GREVIO, 2022; 2023;2024;).

**Поимно определување на семејното насилство**

Семејното насилство се дефинира како секој облик на физичко, психолошко, сексуално или економско насилство што се случува меѓу членовите на семејството, без оглед на полот, возраста или релацијата меѓу сторителот и жртвата (Europe, Council of Europe;, 2011;). Според македонската законска рамка Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021), оваа појава се смета за сериозно прекршување на основните човекови права и слободи и е предмет на посебна државна и општествена заштита.

Во литературата, терминот често се разгледува и како форма на структурно насилство, при што насилството не се сведува само на физички напад, туку и на контрола, изолација и психолошка манипулација (Galtung; Dobash;, 1969;1979;). Децата кои живеат во вакви семејства се изложени на трајна состојба на страв, несигурност и стрес, што може да остави сериозни последици врз нивниот психосоцијален развој. Според теоријата на „интергенерациска трансмисија на насилството“, децата кои биле сведоци на насилство во семејството имаат поголема веројатност да го реплицираат тој модел во своите идни релации (Widom; Wilson;, 2015;)

**Интегративен пристап**

Иако секоја теорија дава значаен придонес во објаснувањето на поврзаноста меѓу семејното насилство и детската деликвенција, современите истражувачи инсистираат на интегративен пристап кој ги комбинира биолошките, психолошките и социјалните фактори (Farrington, 2005;).

Овој пристап ги признава мултикаузалните механизми што доведуваат до криминално однесување, при што семејното насилство се третира како централен, но не единствен фактор. Така, децата кои растат во насилни домови не се нужно предодредени за криминал, но се наоѓаат во високоризична средина која бара рана интервенција и системска поддршка (UNICEF;, 2024;).

Интегративниот пристап, исто така, ја нагласува динамичната природа на ризиците и заштитните фактори. На пример, присуството на поддржувачки возрасен модел, вклученост во училишни и воншколски активности и пристап до психосоцијални услуги може значително да го намали негативното влијание на семејното насилство (Cicchetti,D; Rogosh F.A;, 2012;). Ова значи дека интервенциите треба да бидат мултисекторски и да опфаќаат здравствени, социјални, образовни и правосудни институции.

Во меѓународните препораки, како што се Насоките за превенција на насилство врз деца на Светската здравствена организација и УНИЦЕФ, интегративниот пристап се смета за неопходен при развивање национални стратегии за превенција на детската деликвенција (WHO;UNICEF;, 2022;2024;) Во практиката, тоа подразбира спроведување програми за рана детекција на семејно насилство, психолошка поддршка за децата изложени на траума, работа со родителите, зајакнување на образовниот систем и создавање правни механизми кои гарантираат брза заштита.

Примената на интегративниот пристап овозможува појасно разбирање на индивидуалните разлики меѓу децата. Не секое дете реагира еднакво на семејното насилство; ефектите зависат од интензитетот, времетраењето, природата на насилството, личните карактеристики на детето и присуството на заштитни фактори (Herrenkohl, T. I; Higgins, D. J; Merrick, M. T; Leeb, R. T;, 2019;)Токму оваа сложеност го прави интегративниот модел најсоодветна рамка за анализа на ризикот од деликвентно однесување кај деца кои растат во насилни семејства.

**Статистички податоци**

Во Северна Македонија, податоците укажуваат на загрижувачки нивоа на изложеност на деца на насилство во семејството и насилство помеѓу врсници. Така, според извештајот на UNICEF за Северна Македонија, до 4 од 5 деца се изложени на некоја форма на насилство од родителите или старателите. Во таа линија, податоците од мултииндикаторското истражување (MICS, 2018;2019;) покажуваат дека процентот на деца на возраст 1–14 години кои во минатиот месец доживеале физичка казна и/или психолошка агресија од страна на старатели изнесува 73,1 %.

Исто така, земајќи предвид податоците за жалбите за семејно насилство, во публикацијата „Women and Men in North Macedonia“ (SSO;, 2023;) се истакнува дека бројот на пријавени случаи за семејно насилство се зголемува (особено психолошкиот облик, 84 % од жалбите). Овие податоци упатуваат дека изложеноста на децата на насилство во семејството е значајна и треба да се земе во предвид како ризик фактор.

Податоците за малолетничка (или деликвентна) активност во Северна Македонија исто така покажуваат сериозни тенденции. Во трудот „Juvenile Delinquency in the Republic of North Macedonia through the Prism of Gender Representation“ авторите укажуваат дека бројот и тежината на деликвентното однесување кај децата се зголемуваат, со значително поголема застапеност кај момчињата споредено со девојчињата. Дополнително, анализата од 2022 година открива дека околу 25-30 % од средношколците често извршуваат „peer violence“ (насилство меѓу врсници), додека 14 % потврдуваат дека биле жртви на долготрајно врсничко насилство.

| Индикатор | Вредност | Извор |
|---|---|---|
| Деца 1-14 години кои доживеале физичка казна и/или психолошка агресија | 73,1 % | State Statistical Office (MICS 2018-19) |
| Дел од средношколците кои вршат врсничко насилство | 25-30 % | MIA / НВО анализа (2022) |
| Пријавени случаи на семејно насилство каде психолошка злоупотреба е 84 % | 84 % од жалби | State Statistical Office „Women and Men in North Macedonia“ 2023 |

Табела 1: Податоци за малолетничка активност (Jovanovska B;Naumovska, L;, 2021;)

Високиот процент (73,1 %) на деца кои доживеале некоја форма на дисциплинска корекција што спаѓа во агресивни методи (физичка казна и/или психолошка агресија) укажува дека изложеноста на насилство во семејството е широко распространета. Ова ја поддржува хипотезата дека таквото опкружување може да биде клучен ризик фактор за подоцнежно антисоцијално или деликвентно однесување.

Податоците за врсничко насилство меѓу средношколците (25-30 %) ја покажуваат поврзаната појава: децата кои се изложени на насилство дома или доживуваат насилство меѓу врсници, се наоѓаат во средина која ги зајакнува ризиците за деликвенција.

Фактот дека психолошката злоупотреба чини 84 % од пријавите за семејно насилство (SSO;, 2023;) покажува дека “нематеријалните” форми на насилство (контрола, вербална агресија, заплашување) се доминантни — што има значајни долгогодишни ефекти за емоционалниот развој на децата и нивната способност да се регулираат и да функционираат во општеството.

**Законска регулатива**

Во Северна Македонија, заштитата на децата од насилство и криминално однесување е регулирана преку повеќе закони и подзаконски акти:

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021) го дефинира семејното насилство, ја утврдува обврската за пријавување и воведува превентивни мерки, како и мерки за заштита на децата жртви. Особено се нагласува дека сите форми на насилство (физичко, психолошко, сексуално, економско) се забранети и казниви (Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство;, 2021;).

Законот за социјална заштита (2019)обезбедува механизми за социјална интервенција и поддршка на деца кои се жртви на семејно насилство, како и за родителите кои се вклучени во рехабилитациски програми ( Ministry of Labour and Social Policy;, 2019;).

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021) содржи забрана за приближување на сторителот кон жртвата, терминско советување и психосоцијална поддршка за жртвите, интердисциплинарни тимови кои го следат случајот и обезбедуваат континуирана поддршка (MLSP;, 2021;);

Македонската законска рамка е усогласена со меѓународните документи, како што се: Конвенција за правата на детето (United Nations;, 1989;) – обезбедува право на заштита од сите форми на насилство, Конвенција на Советот на Европа за заштита од насилство врз жените и семејно насилство (The Council of Europe;Istanbul Convention;, 2011;)– предвидува посебна заштита за децата жртви, UN Guidelines for the Prevention

of Juvenile Delinquency (Guidelines, The Riyadh;, 1990;) – насочени кон ресоцијализација и рехабилитација на малолетници;

**Меѓународни извештаи и правни документи**

Светската здравствена организација (WHO;, 2022;)го посочува семејното насилство како еден од главните ризик фактори за физичко и психолошко нарушување кај децата. Извештајот ја нагласува поврзаноста помеѓу насилното однесување во домот и развојот на антисоцијални тенденции кај малолетници.Според, (WHO;, 2022;)

*„Children exposed to domestic violence are at significantly higher risk of engaging in violent or delinquent behavior themselves, due to normalization of aggression and impaired emotional regulation.“*

Овие податоци ја потврдуваат хипотезата дека насилството во семејството не е само моментална траума, туку и долгорочен социјален ризик за деликвентно однесување. (UNICEF;, 2020;2024;) објавува дека приближно 1 од 2 деца во светот доживуваат некој вид на физичка, психолошка или сексуална агресија дома или во училиште. Истражувањето покажува:

Децата изложени на насилство дома имаат двојно поголема веројатност да извршат кривични дела во периодот на адолесценција, програмите за превенција и интервенција во семејството ја намалуваат веројатноста за деликвентно однесување за 30–40 % (UNICEF;, 2024;), UNICEF препорачува интердисциплинарни програми, кои комбинираат социјални услуги, образование и психолошка поддршка, како најефикасен пристап за намалување на ризикот. Советот на Европа преку (GREVIO;, 2023;)посочува дека семејното насилство влијае не само на жртвите од возрасни, туку и на децата кои стануваат индуцирани сторители. Извештајот нагласува:

Земјите кои имаат интегрирана политика за заштита на децата, пријавување на насилство и програми за ресоцијализација на малолетници, бележат намалување на деликвентното однесување, насилството не треба да се третира само како индивидуална кривична постапка, туку како структурен и социјален феномен, кој бара системски пристап (GREVIO;, 2023;).

CRC е клучен меѓународен документ кој ги гарантира правата на децата, вклучително и заштита од сите форми на насилство и злоупотреба. Статии 19 и 37 предвидуваат: Заштита од „сите форми на физичко или психолошко насилство“ дома или во други институции, специјална правна и социјална заштита за малолетници вклучени во кривични дела. Конвенцијата ја поттикнува државата да воспостави ефективни механизми за превенција и рехабилитација, што го одразува принципот на детето како „субјект на права“, а не само објект на казнена постапка (UNICEF;, 1989;).

**Материјали и методи**

Направено е истражување кое е дизајнирано како квантитативно-квалитативна студија, со примена на мешан методолошки пристап кој овозможува истовремено мерење на распространетоста на семејното насилство и детската деликвентност, како и длабинско разбирање на психосоцијалните механизми што стојат зад оваа поврзаност (Creswell;Clark;, 2017;). Комбинацијата на двата вида податоци дава поширока перспектива за проблемот, овозможувајќи валидирање на резултатите преку повеќе извори и подобро интерпретирање на комплексноста на однесувањето кај децата изложени на насилна семејна средина. Примерокот во истражувањето опфатил 200 деца на возраст од 14 до 18 години од урбани и рурални области во Северна Македонија, при што е применет комбиниран селекциски пристап. Дел од испитаниците се избрани стратешки, преку евиденции на центрите за социјална работа како деца кои биле изложени на различни форми на семејно насилство. Друг дел е селектиран по случаен избор од средни училишта, со цел формирање контролна група која не е изложена на семејна виктимизација (UNICEF;, 2024;). Овој пристап овозможува споредување на двата профила деца и јасно согледување на разликите во нивните поведенски модели. За прибирање податоци се користени две анкетни инструменти и полуструктурирани интервјуа. Првата анкета е развиена врз основа на методолошката

рамка на (MICS, 2018;2019;) и адаптирана за локалниот контекст. Таа ја мери изложеноста на физичко, психолошко, економско и сексуално насилство. Примената на овој инструмент овозможи да се утврди дека психолошкото насилство е најраспространета форма на виктимизација меѓу децата, што се совпаѓа со меѓународните сознанија за тоа дека вербалната агресија и емоционалната манипулација често остануваат непријавени. Втората анкета се користи за проценка на деликвентните однесувања и ги опфаќа различните форми на агресија, вандализам, кражби, учество во ризични групи и вербални конфликти. Резултатите добиени преку оваа алатка покажаа дека децата кои биле изложени на семејно насилство во просек имаат значително повисоки резултати на сите индикатори на проблематично однесување, особено во доменот на агресијата и антисоцијалните активности. Покрај анкетите, во рамките на истражувањето се спроведени и полуструктурирани интервјуа со социјални работници, психолози и педагози кои работат со деца изложени на ризик. Интервјуата имаа за цел да обезбедат подлабински увид во контекстот на семејното насилство и неговото влијание врз развојот на деликвентни обрасци. Стручните лица идентификуваа неколку клучни психосоцијални механизми, меѓу кои хроничната траума, нарушената семејна комуникација, ниската родителска компетентност и социјалната изолација. Овие податоци придонесоа за потемелно разбирање на динамиката помеѓу виктимизацијата и развојното однесување, потврдувајќи дека децата често ги репродуцираат моделите на однесување кои ги набљудуваат во домот.

Собирањето на податоците се спроведе во соработка со училиштата и центрите за социјална работа, со строга примена на етичките стандарди за работа со малолетници утврдени од UNICEF и WHO (MICS, 2018;2019;)Родители или старатели дале писмена согласност за учество, а испитаниците биле информирани за правото да го прекинат учеството во секој момент. Интервјуата се одржуваа во доверлива средина и беа аудио-снимани само со изречна согласност од учесниците, а податоците беа обработени со целосна анонимизација и шифрирање. Во делот на квантитативната анализа се применети статистички тестови за корелација (Pearson) со цел да се утврди врската меѓу различните форми на семејно насилство и деликвентните однесувања. Анализата покажа значајни позитивни корелации, при што најсилна поврзаност е забележана помеѓу психолошкото насилство и агресивното однесување, додека умерена врска се јавува меѓу физичкото насилство и вандализам. Дополнително, регресиските анализи покажаа дека психолошкото насилство претставува најсилен предиктор на деликвентност, што укажува на неговото длабоко влијание врз емоционалната регулација и когнитивниот развој на детето.

Квалитативната анализа се базира на тематска анализа според методолошката рамка на (Braun, V;Clarke, V;, 2006;), при што снимките од интервјуата биле транскрибирани и подложени на системско кодирање. Анализата идентификува неколку доминантни теми, како што се насилството како модел на учење, нарушениот емоционален развој, социјалната изолација и институционалните пропусти во заштитата на децата. Овие квалитативни податоци ги надополнија квантитативните резултати, овозможувајќи длабинско разбирање на психосоцијалниот контекст во кој се развива деликвентното однесување. Комбинирањето на податоците добиени преку анкетите и интервјуата овозможи добивање на комплексна и мултидимензионална слика за влијанието на семејното насилство врз малолетничката деликвентност. Мешаниот методолошки пристап овозможи резултатите да се потврдат преку повеќе независни извори, што значително ја зголеми валидноста и кредибилитетот на истражувањето како целина. Заштита на децата од насилство е фундаментално право на секое дете. За жал, насилството и понатаму претставува сериозна реалност за милиони деца ширум светот и остава доживотни последици врз животот и развојот на децата. Насилството го попречува развојот на децата, способноста за учење и постигнувања во училиште; ги ограничува односите, придонесува за ниско ниво на самопочитување, емоционална болка и депресија, води кон ризични ситуации, самоповредување и агресивно однесување. Дополнително, насилството има и сериозно

економско влијание врз општеството, намалување на човечките капацитети и нарушување на социјалниот капитал.

УНИЦЕФ поддржа истражување за проценка на знаењето, ставовите, практиките и социјалните норми на родителите и старателите поврзани со насилството врз децата. Резултатите од истражувањето послужија како основни податоци и придонесоа за дизајнирање стратегија за комуникација на социјални промени и кампања под наслов „И родителството се учи" што започна на 5 ноември 2018 година. Отворајќи дискусија за детскиот развој и човечкиот напредок, кампањата имаше за цел да го сврти вниманието кон потребата родителите да се поддржат во подигање самоуверени и успешни деца кои покажуваат почит. Со цел да се процени степенот до кој активностите на кампањата до денес влијаеа врз знаењето, ставовите и практиките; и потреба од ажуриран увид за информирање на идните интервенции за социјални промени, во 2019 година спроведено е второ национално истражување меѓу родители или старатели на деца на возраст од 2 до 14 години со цел да одговори на следните истражувачки прашања:

Знаење: како луѓето го разбираат и дефинираат насилството и алтернативните позитивни методи за дисциплинирање деца; Ставови: степенот до кој луѓето ги одобруваат различните практики за дисциплинирање деца и во кои ситуации се прифатливи за нив; Верувања: како луѓето ги разбираат ефектите и последиците од насилството и позитивните практики за дисциплинирање на децата; во кои ситуации се оправдани; кои би биле предностите од усвојувањето позитивните практики за воспитување деца наспроти насилните методи; Практики за дисциплинирање / воспитување деца и злоставување и занемарување на децата: степенот и практики за дисциплинирање на децата; преференции за користење определени форми на дисциплинирање во зависност од ситуацијата, возраста на детето, полот (и на родителот и на детето); Емпириски и нормативни очекувања: степенот до кој социјалните норми влијаат врз ставовите и практиките во однос на дисциплинирање на децата; што мислат испитаниците дека другите родители во нивната заедница прават за дисциплинирање на децата; што мислат испитаниците што другите луѓе (родители, членови на семејството, други членови на заедницата и сл.) очекуваат тие да прават во определени ситуации (пр. ако детето не се однесува добро); Колкав дел (расчленет според место на живеење, етничка припадност, пол и возраст) од целната популација ја виделе или слушнале кампањата поддржана од УНИЦЕФ и преку кои канали? ; До кој степен кампањата влијаела врз знаењето и ставовите на оние кои ја виделе или слушнале? (UNICEF;, 2020;)

**Заклучок**

Статистичките податоци од Северна Македонија, како и меѓународните извештаи на (WHO;UNICEF;, 2022;2024;), укажуваат на широка распространетост на семејното насилство и неговите последици за децата. Компаративните анализи покажуваат дека земјите со интегрирани програми за превенција и рехабилитација (Шведска, Норвешка, Велика Британија, Италија) бележат значително намалување на деликвентното однесување кај децата изложени на насилство. Ова ја потврдува потребата од системски и превентивен пристап, кој вклучува социјални служби, правосудство, образование и семејство. На законски план, Северна Македонија има добра основа преку Кривичниот законик, Законот за заштита од семејно насилство и Законот за социјална заштита, но практичната имплементација и координацијата меѓу институциите се клучни за ефективна заштита и превенција (Official Gazette of RNM; MLSP;, 2019;2021;).

Критички, резултатите укажуваат дека семејното насилство е само еден од факторите за детската деликвенција. Други социјални, економски и образовни фактори исто така играат улога (Bronfenbrenner, Urie;, 1979;2022;). Сепак, раната идентификација на жртви и системски интервенции може значително да го намалат ризикот и да ја подобрат социјалната интеграција на децата. Дополнително, компаративните анализи со европските држави укажуваат на значајни разлики во ефикасноста на политиките за

заштита на деца изложени на семејно насилство. Во Скандинавските земји, како Норвешка и Шведска, стапката на детска деликвенција кај оваа ранлива група е пониска, што се должи на високо развиените интердисциплинарни програми, интегрираниот социјален систем и долгорочните превентивни мерки (Organisation for Economic Co-operation and Development;, 2021;). Од друга страна, искуствата на Велика Британија и Италија покажуваат дека фокусот на рехабилитација, семејно советување и третман насочен кон траумата придонесува за значително намалување на рецидивизмот, кој во овие држави се движи помеѓу 30 и 35 %, што дополнително ја потврдува ефективноста на превентивните интервенции (European Institute of Innovation and Technology;, 2020;).

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ministry of Labour and Social Policy;. (2019;). Retrieved from Ministry of Labour and Social Policy;: https://www.unicef.org/media/90156/file/North-Macedonia-2019-COAR.pdf;

Akers. (1998;). *Social learning and social structure: A general theory of crime and deviance;.* Roxbury Publishing;.

Bandura; Bowlby;. (1977;1989;). *Social learning theory;.* American Psychological Association;.

Bowlby, J;Bandura, A;. (1969;1977;). *Social learning theory;.* Retrieved from https://www.scirp.org/reference/ReferencesPapers?ReferenceID=1162623;

Braun, V;Clarke, V;. (2006;). Retrieved from Using thematic analysis in psychology;: https://psycnet.apa.org/record/2006-06991-002;

Bronfenbrenner, Urie;. (1979;2022;). *The Ecology of Human Development: Experiments by Nature and Design;.* World Health Organization;. Retrieved from Bronfenbrenner; WHO;.

Cicchetti,D; Rogosh F.A;. (2012;). Retrieved from Adaptive coping under conditions of extreme stress: Multilevel influences on the development of psychopathology in maltreated children;: https://sci-hub.se/10.1002/cd.242

Creswell, & Clark, P. (2017;). Retrieved from (Creswell & Plano Clark, 2017).

Creswell;Clark;. (2017;). *Designing and Conducting Mixed Methods Research;.* Sage College Pub;ishing;.

Europe, Council of Europe;. (2011;). *Council of Europe;.* Retrieved from Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence; Istanbul convention;: https://www.coe.int/en/web/gender-matters/council-of-europe-convention-on-preventing-and-combating-violence-against-women-and-domestic-violence

European Institute of Innovation and Technology;. (2020;). *Child rehabilitation programs and recidivism reduction in Europe;.* Retrieved from European Institute of Innovation and Technology;: https://www.eit.europa.eu/;

Farrington. (2005;). *Clinical Psychology & Psychotherapy;.* American Psychological Association;. Retrieved from Farrington, 2005).

Galtung; Dobash;. (1969;1979;). *Sage Journals;.* Retrieved from Violence, Peace, and Peace Research;: https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/002234336900600301;

GREVIO;. (2023;). *Report on violence against women and domestic violence;*. Retrieved from GREVIO;: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/grevio;

Guidelines, The Riyadh;. (1990;). *Guidelines for conducting research with children;.* Retrieved from WHO;: https://www.who.int/docs/default-source/ethics/web-cioms-ethicalguidelines.pdf?sfvrsn=f62ee074_0;

Herrenkohl, T. I; Higgins, D. J; Merrick, M. T; Leeb, R. T;. (2019;). *Child Abuse & Neglect;.* Retrieved from https://www.jstor.org/stable/26638134;

Jovanovska B;Naumovska, L;. (2021;). Retrieved from Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje;: https://www.google.com/search?sca_esv=3dbed19d9671262c&sxsrf=AE3TifNrWz3H

X453WoP5hG_iPHN6THPI-Q:1764019997666&q=Juvenile+delinquency+in+the+Republic+of+North+Macedonia+through+the+prism+of+gender+representation.+Institute+of+Social+Sciences+and+Humanities

MICS. (2018;2019;). *Multiple Indicator Cluster Survey;.* Retrieved from https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/MICS_18-19.pdf;

Ministry of Labour andSocial Policy;. (2023;). *Social protection report: Child protection and risk factors for juvenile delinquency;.* Retrieved from State Statistical Office;: https://www.stat.mk/en/stat/population-and-living-conditions/social-protection/;

MLSP;. (2021;). Retrieved from Ministry of Labour and Social Policy;: https://www.mtsp.gov.mk/;

Official Gazette of RNM; MLSP;. (2019;2021;). *Law on protection of children from abuse and neglect;.* Retrieved from Official Gazette of RNM; MLSP;: https://op.europa.eu/en/web/forum/republic-of-north-macedonia;

Organisation for Economic Co-operation and Development;. (2021;). *Child well-being and protection indicators in Nordic countries;.* Retrieved from Organisation for Economic Co-operation and Development;: https://www.oecd.org/en/publications.html;

Organization, World Health;. (2022;). *WHO;.* Retrieved from World Health Organization [WHO];: https://www.who.int/

Policy, Ministry of Labour and Social. (2023;). *MLSP;.* Retrieved from Ministry of Labour and Social Policy [MLSP];: https://www.mtsp.gov.mk/

RNM;. (2019;). *National report on child protection and juvenile delinquency;.* Retrieved from https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/nacionalni-strategii-file-3Ip1.pdf;

SSO;. (2023;). Retrieved from State Statistical Office of the Republic of North Macedonia;: https://ghdx.healthdata.org/record/north-macedonia-statistical-yearbook-2023;

SSO;. (2023;). *State Statistical Office of the Republic of North Macedonia;.* Retrieved from https://ghdx.healthdata.org/record/north-macedonia-statistical-yearbook-2023;

The Council of Europe;Istanbul Convention;. (2011;). *Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence;.* Retrieved from Gender Maters;: https://www.coe.int/en/web/gender-matters/council-of-europe-convention-on-preventing-and-combating-violence-against-women-and-domestic-violence;

UNICEF;. (1989;). *Convention on the Rights of the Child;.* Retrieved from UNICEF;: https://www.unicef.org/child-rights-convention/convention-text;

UNICEF;. (2020;). Заштита на децата од насилство е фундаментално право на секое дете;. In UNICEF, *Второ истражување за знаењето, ставовите, практиките и социјалните норми поврзани со насилството врз деца;* (p. 89;). https://www.unicef.org/northmacedonia/media/6091/file/Follow-up_ViolChildDicipl_Report_MK.pdf;.

UNICEF;. (2020;2024;). *Child protection and domestic violence global report;.* Retrieved from UNICEF;: https://www.unicef.org/reports/global-annual-results-report-2024-goal-area-3;

UNICEF;. (2024;). *Child protection and domestic violence global report;.* Retrieved from UNICEF;: https://www.unicef.org/reports/global-annual-results-report-2024-goal-area-3;

UNICEF;. (2024;). *Child protection and domestic violence global report;.* Retrieved from UNICEF;: https://www.unicef.org/reports/global-annual-results-report-2024-goal-area-3;

United Nations;. (1989;). Retrieved from Convention on the Rights of the Child;: https://digitallibrary.un.org/record/3840383?v=pdf;

WHO;. (2022;). *Global status report on violence against children;.* Retrieved from WHO;: https://www.who.int/teams/social-determinants-of-health/violence-prevention/global-status-report-on-violence-against-children-2020;

WHO; UNICEF; GREVIO. (2022; 2023;2024;). Retrieved from WHO;UNICEF;GREVIO: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/violence-against-children;

https://www.unicef.org/documents/child-protection-systems-strengthening-report-card-2024;https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/grevio

WHO;UNICEF;. (2022;2024;). *Global status report on violence against children,World Health Organization;Child protection and domestic violence global report. UNICEF;*. Retrieved from UNICEF;WHO;: https://www.unicef.org/reports/state-of-worlds-children/2024;

Widom; C. S;Wilson; H. W;. (2015;). *Intergenerational transmission of violence. In J. Lindert & I. Levav (Eds.), Violence and mental health;.* Retrieved from American Psychological Association: https://psycnet.apa.org/record/2015-15109-002;

Widom; Wilson;. (2015;). *Violence and mental health;.* American Psychological Association;.

Државниот завод за статистика;. (2024;). *Република Северна Македонија, Државен завод за статистика;*. Retrieved from Државниот завод за статистика;: https://www.stat.gov.mk/

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021);. (2021;). Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство;. *Закон;*. North Macedonia;: Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (2021);. Retrieved from Government of the Republic of North Macedonia;: Government of the Republic of North Macedonia. (2021). National report on child protection and juvenile delinquency. Government of the Republic of North Macedonia;